Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 24 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 септември 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Се продолжува лиценцата за трговија со електрична енергија издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги ДАНСКЕ КОМОДИТИС ДООЕЛ Скопје со Одлука за издавање на лиценца вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 159/11 и 22/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/20).

2. Продолжувањето на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот при што истата се продолжува за период од десет години.

3. Во Прилогот по точката 3 се додава нова точка 4 која гласи:
   “4. Датум на продолжување на лиценцата: 27 септември 2021 година”
   Во точка 4, која станува точка 5 зборовите “14 ноември 2021 година” се заменуваат со зборовите “14 ноември 2031 година”.
   Точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат точки 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги ДАНСКЕ КОМОДИТИС ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. “8-ми Септември” бр.16-2 кат-Хипериум/Б.Центар Скопје-Карпош (во понатамошен текст: Друштво), на 14 септември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, УП1 бр.12-174/21 од 14 септември 2021 година.

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 17 септември 2021 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 14, односно од Прилог 2 Образец БЛ 14 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1779/2 од 27 септември 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 27 септември 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 24 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за производство, трговија и услуги ДАНСКЕ КОМОДИТИС ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-174/21**
**27 септември 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1) nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës* (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 96/18 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 24 të Rregullores së licencave (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 51/ 19, 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 27 shtator 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR VAZHDIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE - TREGTI ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Vazhdohet licenca e tregtisë me energji elektrike të lëshuar për Shoqërinë e Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve DANSKE KOMODITIS SHPKNJP Shkup me Vendimin e lëshimit të licencës së kryerjes së veprimtarisë energjetike të tregtisë me energji elektrike (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 159/ 11 dhe 22/17 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 270/20).

2. Vazhdimi i licencës së pikës 1 të këtij vendimi kryhet me kërkesë të bartësit, me çka e njëjta vazhdohet për periudhë prej 10 vitesh.

3. Në shtojcë, pas pikës 3 shtohet pika e re 4, si vijon:
   "4. Data e vazhdimit të licencës: "27 shtator 2021"
   Në pikën 4, e cila bëhet pika 5, fjalët "14 nëntor 2021" zëvendësohen me fjalët "14 nëntor 2031".
   Pikat 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 dhe 13 bëhen pikat 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 dhe 14.

4. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij, ndërsa do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 12-174/21**
**27 shtator 2021**
**Shkup**

**Kryetari i Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**